РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ"
Бр. 02-381/13
07-09 2020 год.
с.Сандево-Чучер Сандево

ЗАПИСНИК БР.13

Од седницата на Училишен одбор при ООУ„Александар Урдаревски" с. Сандево оддржан на 07.09.2020 год. (понеделник) со следниот :

Дневен ред

1. **Читање и усвојување на претходниот записник;**
2. **План и протокол за основно образование**
3. **Назначување на нов член претставник во УО од ученички парламент**
4. **Разно...**

Поради новонастанатата ситуација предизвикана од вирусот Ковид 19 состанокот се одржа преку апликацијата Viber. На состанокот на Училишниот одбор се приклучија претседателот Весна Вучковска и 5 члена од УО и тоа: Кристина Кајевиќ, Жаклина Тасевска, Павлинка Стоилковска, Ацо Пршевски. Состанокот го започна претседателот на УО со читање на дневниот ред.

Под точка 1: Претходниот записник од претходната седница со бр.12, беше прочитан и едногласно усвоен;

Под точка 2: Петседателот на УО, Весна Вучковска ги извести присутните членови дека од МОН е стигнато известување за планот и протоколот по кој ќе се одвива наставата во учебната 2020/2021 година и по тој план и протокол е направен протоколот за начинот на одвивање на наставата во нашето училиште. Планот и протоколот се достапни и на страната на МОН. Од прво до трето одделение наставата ќе се одвива со физичко присуство, а од четврто до деветто одделение онлајн. Констатирано е дека не се исполнуваат условите од протоколот (имаме само еден влез- излез, нема доволно растојание од 1.5м помеѓу учениците...) и затоа не е поднесено барање до МОН за физичко присуство. Претседателот на УО го прочита планот и протоколот по кој ќе се одвива наставата во нашето училиште. Секој наставник е должен половина час да доаѓа порано, на влезот ќе се мери температура на секој и ќе си ги дезинфицираат рацете и обувките, по влегувањето во училница нема излегување се до завршувањето на часовите. Часовите ќе траат 30 минути и 5 минути пауза помеѓу нив и голем одмор со траење од 15 минути со тоа што учениците нема да излегуваат надвор и секој ќе си носи ужинка од дома или по стандарди како што има достава на ужинка. Наставниците од 4 то до 9 то одделение, ќе ја реализираат онлајн наставата секој во својата училница ќе држи онлајн настава. Се користи Национална платформа за сите училишта, ќе следуваат обуки за тоа. Во однос на годишните програми, ќе бидат скратени од 180 на 159 наставни дена, се